Според член член 59 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Р. Македонија“, број 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/2018, 21/18 и 98/19) и член 27 став 1 точка 6 од Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Одборот на Универзитетот, на состанокот одржан на 9.9.2019 година го усвои овој:

# Правилник за употреба на телефонската мрежа

## I. Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој Правилник се дефинираат употребата на телефонската мрежа за сите лица кои се вработени на Универзитетот, како и прашањата и задачите поврзани со службената работа.

## II. Начин на употреба на телефонската мрежа

**Член 2**

За да се обезбеди ефективна и ефикасна услуга, генералниот секретар ги регулира политиките за ограничување на пристапот до мрежата за индивидуални и специфични работни места со дефинирање повик (локални, национални, меѓународни разговори, мобилен телефон).

**Член 3**

Користењето на мобилните телефони постојано се следи од ИТ одделот и чувањето податоци во врска со нивното користење  се прави на систематски начин. Генералниот секретар, во секое време, има дозвола за пристап до податоците и има способност да генерира различни извештаи за употребливоста за одреден временски период.

**Член 4**

Доколку користењето телефон ги надминува овластувањата за користење (како што е користење за приватни работи) или не е во согласност со овој Правилник, тогаш Канцеларијата за човечки ресурси може да даде опомена или казна за надминатиот лимит.

## III. Завршни одредби

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила на 01.10.2019 година.